Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 346/0306
14.12.2017 год.
Скопје

12.12.2017

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 декември 2017 година, врз основа на примена жалба од Павлина Зефиќ, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „Судство.мк“ со текстот насловен „Кога адвокати ќе променат страна – завршуваат со пријава во сопствената Комора!“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 1 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 14 ноември 2017 година, Павлина Зефиќ поднесе жалба за текстот со наслов „Кога адвокати ќе променат страна – завршуваат со пријава во сопствената Комора!“, објавен на 13 ноември 2017 година на интернет порталот „Судство.мк“ (www.sudstvo.mk)

Во жалбата се наведува дека објавениот текст содржи неточно и нефер известување, говор на омраза, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, навреда, незастапена втора страна, прекршување на принципот на презумпција на невиност и заштита на сведоците и на авторски права.

*„Во веста беа во целост објавени лични податоци на мои колеги – адвокати; се прејудицираше нивна вина и воопшто сторијата не содржеше став на страната која се напаѓа“*, посочува жалителот во жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Судство.мк“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од „Судство.мк“ не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на текстот е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 декември 2017 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во наведениот текст.

Најпрво, Комисијата констатираше дека текстот произлегува од јавниот интерес и дека авторот обработува тема која ја отсликува реалноста во македонското судство. Сепак, Комисијата утврди дека и покрај тоа што имал обврска, новинарот не им дал можност на

сите засегнати страни да го кажат својот став, во случајов, на адвокатите Дарко Георгиев и Борко Бајалоски, кои се предмет на критика во текстот. Поради тоа, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во делот во кој се вели дека новинарот треба да обезбеди „втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во продолжение, членовите на Комисијата оценија дека во текстот е прекршен и членот 13 од Кодексот на новинарите, што е евидентно во последната реченица од текстот:

**„По ова, професорите Спасовски и Иванов правдата ќе ја побараат во судовите, но наместо правда тие ќе наидат на нова неправда што ќе им ја нанесат токму оние од кои очекувале заштита!".**

Според членот 13 од Кодексот, новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулации.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Беким Ајдини и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува интернет порталот „Судство.мк" (www.sudstvo.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595